ЗАПИСНИК
од 3-та седница на Комитет на совети при ЗЕЛС
Скопје 28 март, 2023 г.

Присутни:Трајко Славески, претседател на Совет на Град Скопје, Габриела Илиевска, претседател на Совет на Општина Битола, Иван Живковски, претседател на Совет на Општина Кисела Вода и Зоран Љутков, претседател на совет на Општина Велес.

Седницата на Комитетот на совети при ЗЕЛС го имаше следниов дневен ред:

ДНЕВЕН РЕД

1. **Информација за состојбите во општинските совети по региони;**
2. **Утврдени предизвици во работата на советите во општините и иницирање на предлози;**
3. **Разно.**

Поради немање кворум, Претседателот на Комитетот на совети при ЗЕЛС констатираше дека нема можност за донесување на одлуки, но на средбата се дискутираше за утврдените предизвици во досегашната работа во советите на општините од каде што доаѓаат, како и потребата од промена на членовите од Комитетот на Совети кои до сега не присуствувале на ниту една седница, за што е потребно да се покрене прашање на првата следна седница на УО на ЗЕЛС. Од страна на директорката Душица Перишиќ без запознаени со досегашниот начин на работа на Комитетот и со темите и иницијативите за кои се разговарало во претходниот состав на ова тело како и за предизвиците со кои тие се соочуваа во општините и регионите.

Присутните и овој пат ја истакнаа потребата од покренување на прашањето за обезбедување на поголема самостојност во работењето на општинските совети и потребата од вистинска поддршка од општинската администрација во извршувањето на обврските на советниците. Иако постојат служби кои се во функција на поддршка на советот многу често ги игнорират барањата на претстедателот на советот оправдувајќи се дека нивен работодавец е градоначалникот. Тие бараат континуирана поддршка од професионални лица од областите што се во надлежност на локалната власт, или како предлог беше изнесено да се вработуваат т.н. кабинетски лица за потребите на советот кои и ќе ги следат извршувањата на донесените заклучоци по точките од денвниот ред кои ги гласаат советниците, а неретко немаат увид до каде е нивнот извршување. Во однос на ова беше дискутирано дека промени може да се иницираат евентуално при промени на Законот за локална самоуправа, за што тешко би се покренала иницијативна во овој парламентарен состав.

Присутни дискутираа и за потребата од донесување на деловници, по можност унифицирани за сите совети во општините со кои би се ограничило временски правото на зборување на советниците и уредување на поставувањто на советнички прашања. Беа претставени различни примери на водење на седницата и неретко злоупотребата на говорницата од страна на некои советници за нивна промоција( преку снимање на седниците) за кои се согласија дека треба да биде уредено со Деловник за работа на советите, укажувајќи на  примерот на Град Скопје.

Беа истакнати предизвиците во однос на степенот на знаењето, информираноста и заинтересираноста на советниците да ја исполнат нивната функција ревносно за што е потребна едукација, која според некој од присутните треба да отпочне неколку години пред изборот на кандидати за советници во самите партии. Беше нагласена и потребата од поголема соработка со градоначалникот и претседателот на совет во однос на спроведување на надлежностите на општините кои не треба да бидат во подредена позиција на градоначалникот, што е многу чест пример. Исто така се укажа на потребата од споделување на информации од донесените заклучоци на седниците на планските совети по региони. Ова е особено важно бидејќи многу предизвици може да се решаваат и регионално.

Исто така, беа изнесени дилеми околу потребата за залагање за професионализација на функцијата претстедател на совет, по примерот на градоначалникот, за што е потребно иницирање промени во Законот за локална самоуправа.

НА крај од страна на тимот на УНДП беа презентирани целите и активности од проектот "Зајакнување на општински совети-фаза 2", што се спроведува во партнерство со ЗЕЛС,  преку кој може да се даде и поддршка на некои од активностите на Комитетот на совети при ЗЕЛС. Беше посочено дека  поддршката од ЗЕЛС  е од особена важност на општинските советници и дека активностите на Комитетот ќе одат во насока на обезбедување на генерално подобрување на  функционирањето на овој многу важен орган на  секоја единица на локалната самоуправа.

Скопје, 28 март 2023 година

Комитет на Совети при ЗЕЛС

Претседател

Трајко Славески